Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2937
28-04-2023 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 14-та редовна седница одржана на 28.04.2023 година, расправајќи за консолидираната годишна сметка на Друштвото за работењето во 2022 година, согласно член 384 од Законот за трговските Друштва и член 57 од Статутот на Друштвото, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава финансиска состојба

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува консолидираната годишната сметка на ГД Гранит АД Скопје за работењето во 2022 година и се утврдуваат следните финансиски резултати:

| | |
|---|---:|
| • Вкупен приход | 5,026,630,943 |
| • Вкупни расходи | 4,980,381,746 |
| • Добивка пред оданочување | 46,249,197 |
| • Данок на добивка | 263,169 |
| • Нето добивка | 45,986,028 |

2.Составен дел на оваа одлука е Консолидирана годишна смета за 2022 година.

3.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 37 и 57 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор го поднесува овој предлог за усвојување на .консолидираната годишна сметка на ГД Гранит АД Скопје за 2022 година поднесена на соодветните обрасци до Централниот регистар на РСМ во која се искажани консолидираните финансиски резултати во консолидираниот биланс на успех и извештајот за сеопфатна добивка, како и состојбата со средствата, обврските и капиталот во консолидраниот биланс на состојба искажани според прифатените меѓународни стандарди за финансиско известување (МСФИ) во РСМ. Консолидираната годишна сметка ги опфаќа резултатите од работење, како и средствата, обврските и капиталот на матичното друштво ГД Гранит АД Скопје и сите негови зависни друштва кои се под контрола во РСМ и странство.

Претседател на Управен одбор

Страшо Милковски

Доставено до:

- Собрание на акционери
- Сектор за ПКОР
- Архива